Михајло ПОПОВСКИ **УДК: 17.021.1**

# ПРИМЕНА НА ТЕОРИЈАТА НА АТРИБУЦИЈАТА

**Кратка содржина**

*Во трудот се претставени неколку примени на теоријата на атрибуцијата кои во последните децении биле особено актуелни за атрибуциски ориентираните истражувачи. Најнапред е опишана структурата на каузалното искуство, т.е. димензиите на каузалноста – локус, стабилност и контролабилност. Релевантноста на овие димензии е разгледувана во рамките на атрибуцискиот модел на Вајнер, што е развиен за објаснување на перцепциите на причините за успехот и за неуспехот и нивните ефекти во ситуациите на постигнување. Потоа е прикажан придонесот на теоријата на атрибуцијата во објаснувањето на просоцијалното однесување. Во последниот дел е поместена атрибуциската анализа на депресијата, со посебен осврт на ефектите на научената беспомошност и на стилот на депресивното објаснување.*

***Клучни зборови:*** *ТЕОРИЈА НА АТРИБУЦУЈА, ПОСТИГНУВАЊЕ, ПРОСОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ, ДЕПРЕСИЈА*

Иако на теоријата на атрибуцијата може да ѝ се забележи дека не ги задоволува сите содржински и формални критериуми со кои се потврдува научната вредност на една теорија, нејзиното повеќедецениско опстојување и проширување преку првично дефинираната рамка на објаснувани феномени ја сместува во редот на најзначајните теоретски придонеси во развојот на социјалната психологија. Со зголемувањето на базичните сознанија за природата на процесот на атрибуцијата, се зголемуваше и опсегот на проблемите што се анализирани од атрибуциска перспектива. Тие проблеми се различни по својата природа, значајноста и поприсутноста во секојдневјето на луѓето, така што не може да се сместат во една категорија и да се разгледуваат на идентичен начин. Некои од нив спаѓаат во областа на мотивацијата, други во интерперсоналните и интергрупните односи, трети се дел од проблемите на клиничката психологија итн. Евидентната отвореност и примен-

ливост на теоријата на атрибуцијата се должи на фактот што многу од авторите кои првично ги систематизирале и ги структурирале знаењата за атрибуциските феномени во исто време ја развивале и ја применувале теоријата, т.е. вршеле фундаментални истражувања на низа практични проблеми. Таквата научна ориентираност резултирала со идентификување на повеќе слабости и недоследности во моделите на процесот на атрибуцијата, но, од друга страна, придонела и за побрзо вградување на стекнатите емпириски сознанија во постојните модели и за трасирање нови насоки во развојот на атрибуциските истражувања. Списокот на проблемите што се анализирани од атрибуциска перспектива е навистина долг, така што во овој труд се издвоени само оние кои најчесто го привлекувале вниманието на истражувачите и со чие проучување е постигнат позабележителен чекор во разоткривањето на начините на кои луѓето го објаснуваат сопственото и туѓото однесување во различни контексти.

### Атрибуциите и постигнувањето

Во првата систематска анализа на здраворазумските објаснувања на каузалноста на човековото однесување направена од Хајдер (Heider, 1958), како најзначајна каузална димензија е идентификувана интерно-екстерната димензија. Значи, она што го прават луѓето во почетокот на секое детектирање на причините на нечие однесување е нивното лоцирање во лицето или надвор од него. Кога ќе се најдеме, на пример, во ситуација да треба да објасниме нечиј неуспех при вршењето одредена активност, за нас е значајно да дознаеме дали неуспехот се должи на некоја внатрешнолична или на некоја надворешна причина. Но, иако знаењето за *локусот,* т.е. за *местото* на причината е примарно, сепак, тоа не е доволно, така што при структурирањето на каузалноста обично трагаме и по други релевантни сознанија за да дојдеме до посоодветно објаснување. За нас, исто така, значајно е да откриеме дали неуспехот се должи на некоја *стабилна* или на *нестабилна* причина. Џонс и Дејвис (Jones and Davis, 1965) и Кели (Kelley, 1967) сугерираат дека каузалната анализа е поинформативна кога се откриваат стабилни причини како што се, на пример, диспозициските карактеристики што не се менуваат од една до друга ситуација. Покрај овие две димензии, атрибуциската анализа може да биде определена и од сознанието за *контролабилноста* на при-

чината. Кога изведуваме каузални заклучоци за нечие однесување, не го правиме тоа само за да го разбереме однесувањето туку и да се стекнеме со чувство на контрола на она што би можело да се случи во иднина. Ако причината за нечиј неуспех е нешто што лицето можело да го контролира, тогаш тоа би имало поинакви имликации врз оцената и врз односот спрема него отколку ако таа е видена како нешто што било надвор од негова контрола.

Тргнувајќи од овие опсервации и претпоставки, Вајнер со своите соработници најпрво ги интегрирал димензиите локус и стабилност (Weiner et al. 1972), а потоа и димензијата контролабилност (Weiner, 1979) во модел на атрибуцијата кој нема само когнитивни, туку има и емоционални и мотивациски компоненети. Овој модел е првично развиен за ситуациите на постигнувањето каде што доаѓаат до израз перцепциите на причините на успехот и на неуспехот. Ако претходно наведениот пример за неуспехот го сместиме во училишна средина и ако неуспехот би претставувал добивање слаба оценка по одреден предмет, на пример, по математика, тогаш причините за неуспехот, според моделот на Вајнер, би можеле да се разгледуваат на начин како што е изложено во Табела 1. Добиената слаба оценка би

**Табела 1.** *Класификациска шема на перципираните причини на постигнувањата во училишната средина*

| ЛОКУС | *внатрешен* | | *надворешен* | |
|---|---|---|---|---|
| **СТАБИЛНОСТ** | *стабилен* | *нестабилен* | *стабилен* | *нестабилен* |
| **КОНТРОЛАБИЛНОСТ** | | | | |
| *надвор од контрола* | способност | расположение | тежина на задачата | среќа |
| *под контрола* | постојано вложување напор | повремено вложување напор | однос на наставникот | помош од други |

можела да му се припише на ученикот ако е перципирано дека тој не е доволно способен за решавање математички задачи и ако постојано добива слаби оценки по овој предмет. Способноста е внатрешен, стабилен и неконтролабилен фактор. Но, слабата оценка може да му се припише на ученикот и кога не се доведува

во прашање неговата способност. Во тој случај, причината за неуспехот обично се бара во недоволното вложување напор, т.е. во повременото вежбање математички задачи, во кампањското учење и сл. Повременото вложување напор, исто така, е внатрешна причина како и способноста, но, за разлика од неа, таа е нестабилна и контролабилна причина. Оваа разлика ја имплицира можноста од поинакви евалуации на учениците, кои често имаат и различни бихевиорални консеквенции. На пример, наставниците повеќе се склони да ги критикуваат способните ученици кога тие не ги користат своите потенцијали и да ги охрабруваат и да ги фалат помалку способните учениците кога тие вложуваат напори за надминување на своите недостатоци. Кога се настојува да се утврди причината за нечиј неуспех, вниманието може да биде сосредоточено и на влијанието на надворешните фактори. На пример, ако се случило повеќето од учениците во класот да добиле слаби оценки, многу е веројатно причината за тоа повеќе да се бара во некој надворешен отколку во некој внатрешен фактор. Еден од позначајните надворешни фактори што може брзо да ја структурира атрибуциската анализа е тежината на задачата која, слично како и способноста, се перципира како стабилен фактор што обично не е под контрола на лицата чие однесување се анализира. Друг надворешен фактор кој ученикот, исто така, не би можел да го контролира е среќата, т.е. сплетот на различни околности кои би можеле да имаат соодветен придонес во намалувањето на веројатноста за постигнување подобар успех. И односот на наставникот спрема ученикот може да биде перципиран како релевантен каузален фактор. Овој однос обично се карактеризира со стабилност иако, до одреден степен, може да биде и под контрола на ученикот преку неговото однесување за време на часовите. И, конечно, причината за овој вид неуспех понекогаш може да биде припишана и на недобивањето помош од некој соученик, која се смета за контролабилна и може да варира од една до друга ситуација.

Каузалната анализа на сопствениот или на туѓиот успех или неуспех при вршењето одредена активност е обично проследена и со соодветни емоционални реакции. Добивањето слаба оценка сигурно дека би довело до појава на непријатни чувства кај ученикот, кои некогаш тој ги насочува кон себеси, а некогаш кон другите. Овие чувства не се врзуваат само за конкретниот неуспех, туку може да имаат и соодветно влијание врз идното однесу-

вање во исти или во слични ситуации. Какви чувства ќе се јават и какви очекувања ќе се создадат за идното однесување зависи, пред сè, од тоа на што ќе се припише неуспехот. Ако причината за добиената слаба оценка ученикот ја припише, на пример, на непотребното трошење време на вонучилишни активности кога, вушност, требало најмногу да учи и да вежба математички задачи, веројатно тоа кај него ќе предизвика чувство на вина, кое ќе биде следено со очекување дека ако постапува поинаку во следната испитна ситуација, сигурно ќе успее да ја поправи слабата оценка. Ако добиената слаба оценка, пак, ученикот ја припише на немањето способност за математика, можно е кај него да се јави чувство на срам следено со очекување дека истото тоа ќе му се случува и во иднина. Се разбира, кај ученикот би можеле да се јават и други чувства во случаите кога неуспехот би бил припишан на други фактори, како на пример на пристрасноста на наставникот, на прекумерната тежина на задачите и сл.

Значи, според моделот на Вајнер, постојат повеќе емоционални и когнитивни реакции што може да се јават при создавањето на атрибуциите во ситуациите на постигнувањето кои во основа се определени од трите димензии на каузалноста. Се смета дека за димензијата локус обично се врзува чувството на гордост и себепочитувањето; за димензијата стабилност се врзува самодовербата и беспомошноста; а за димензијата контролабилност, срамот и вината (ако чувството е насочено кон себеси), или лутината, благодарноста и сожалувањето (ако чувството е насочено кон други). На Слика 1. се прикажани дел од можните емоционални и когнитивни реакции на различни атрибуции на успехот и неуспехот. Заради попрегледно претставување, реакциите се однесуваат само на две димензии на каузалноста, т.е. само на локусот и на стабилноста.

Моделот на Вајнер бил подложен на низа емпириски проверки во различни контексти и, генерално, се покажал како многу плодотворен во продуцирање емпириски проверливи хипотези. Во повеќе истражувања е потврдено дека кога луѓето се обидуваат да објаснат одредено постигнување, нивната каузална анализа е определена од факторите идентификувани од Вајнер, и тоа особено од факторите способност, вложување напор и тежина на задачата. Во истражувањата, исто така, утврдено е дека појавата на емоционалните реакции на успехот и на неуспехот, во повеќето




Слика 1.

*Можни атрибуции на успехот и на неуспехот и нивните емоционални и когнитивни консеквенции (приспособено според Bar-Tal, 1978)*

случа, и е конзистентна со предикциите изведени од моделот. Дуркин, на пример, посочува евиденција според која поединците чувствуваат поголема гордост за постигнатиот успех кога успехот го припишуваат на некој внатрешен фактор (т.е. на способноста или на вложениот труд) отколку кога го припишуваат на некој надворешен фактор. Од друга страна, пак, тие чувствуваат поголем срам во случаите кога доживеаниот неуспех го припишуваат на некој внатрешен, а не на некој надворешен фактор (Durkin, 1995). Но, иако основните поставки на моделот во повеќе наврати се емпириски валидирани, сепак, тоа не значи дека моделот е лишен од критички забелешки. Имено, повеќето истражувачи се согласни дека локусот и стабилноста се значајни димензии на каузалното искуство, но таа согласност е редуцирана кога станува збор за контролабилноста. Некои истражувачи ја доведуваат во прашање значајноста на контролабилноста кога треба да се разберат и да се објаснат други домени на атрибуцијата во кои не доаѓаат до израз перцепциите на успехот и на неуспехот. Покрај тоа, се проблематизира и претпоставената временска секвенција на настаните и местото на атрибуциите во неа. Резултатите на некои истражувања покажуваат дека промените во постигнувањето или промените во очекувањата може понекогаш да им претходат или да бидат независни од создадените атрибуции. Според други истражувања, пак, можно е и промените во општите емоционални реакции да бидат повеќе предизвикани од атрибуциите отколку од доживеаниот успех или од неуспехот (Covington and Omelich, 1979; McFarland and Ross, 1982; според Fiske and Taylor 1984). Со оглед на тоа што моделот, исто како и другите модели на атрибуцискиот процес, пред сè е интуитивно заснован, на овие забелешки се надоврзува и прашањето дали перцепцијата на причините во секојдневниот живот секогаш се врши според анализата предложена од Вајнер, т.е. дали луѓето ги користат постулираните димензии и во случаите кога спонтано ги организираат причините. За жал, постојат малку истражувања во кои е настојувано да се одговори на ова прашање. Повеќето досегашни проверки и потврди на моделот, всушност, сè засновани на користење „артифициелни“ постапки (на пример, процена на хипотетички случувања, едноставни стимулации, играње улоги, лабораториско манипулирање на успехот и на неуспехот), во кои испитаниците даваат одговори за тоа како би се однесувале во одредени ситуации, а не за тоа како се однесуваат реално во нив.

## Атрибуциите и просоцијалното однесување

Моделот на Вајнер, иако бил создаден за опфаќање на перцепциите на причините на успехот и на неуспехот и за предвидување на емоционалните реакции, очекувањата и однесувањето во ситуациите на постигнување, со текот на времето, станал концептуално средство за објаснување и на други феномени. Еден од тие феномени е просоцијалното однесување, т.е. преземањето активности за подобрување на благосостојбата на другите. Протагонистите на атрибуцискиот пристап во објаснувањето на просоцијалното однесување тргнуваат од претпоставката дека преземањето каква било акција во прилог на некого што има потреба од помош во голема мера е определена од перцепцијата на причините што лежат во основата на таквата потреба.

Атрибуциските анализи на просоцијалното однесување во почетокот биле фокусирани само на улогата на перцепциите на локусот, а подоцна се проширени и на перецепциите на контролабилноста и на медијациските ефекти на емоционалните реакции. Ваквата истражувачка ориентација, се разбира, најпрво резултирала со евиденција за значајноста на интерно-екстерните атрибуции во смисла дека луѓето се повеќе подготвени да им помагаат на другите кога причините за нивните неволји ги лоцираат надвор од нив, а не во нив. Но, иако е можно овој вид атрибуции навистина да имаат различни ефекти врз просоцијалното однесување, според сугестиите на Ајкс и Кид, уште позначаен фактор при атрибуциската анализа на нечија потреба од помош е перцепцијата на интенционалноста, т.е. на контролабилноста на потребата (Ickes and Kidd, 1976). Луѓето обично повеќе им помагаат на оние лица кои се нашле во неволја поради нешто што не го сториле намерно или што не можеле да го контролираат. Наспроти тоа, ако причината за неволјата на лицето се припишува на нешто што тоа намерно го направило или на нешто што тоа можело да го контролира, тогаш луѓето се помалку подготвени за помагање. Со други зборови, некому повеќе ќе му се помогне ако неговата зависност од помошта на другите се перципира повеќе како последица на немање способност (внатрешна, неконтролабилна причина) отколку како последица на невложување напор (внатрешна, контролабилна причина). Покрај тоа, Ајкс и Кид тврдат дека веројатноста на просоцијалното однесување може да варира и во

зависност од тоа дали набљудувачите, т.е. потенцијалните помагачи се успешни при вршењето на некоја активност и дали успехот повеќе го припишуваат на својата способност отколку на вложениот напор. Припишувањето на сопствениот успех на некое стабилно својство, како што е способноста, по сè изгледа, доведува до зголемено чувство на компетентност, повисоко себецenење, пониска перципирана цена на просоцијалната акција и до зголемена верба во успешноста на акцијата, што сè заедно придонесува просоцијалното однесување да биде многу поверојатно.

Сличен атрибуциски пристап во објаснувањето на просоцијалното однесување применува и Вајнер, но тој, за разлика од Ајкс и Кид, не се задржува само на значајноста на перцепциите на контролабилноста, туку оди понатаму и, согласно со неговиот модел, посебно ја нагласува улогата на емоционалните реакции кои посредуваат меѓу атрибуциите и просоцијалното однесување. Вајнер смета дека кога луѓето се соочуваат со некого што има потреба од помош, тие прво се впуштаат во каузална анализа за да разберат зошто лицето има таква потреба. Притоа, таквата потреба може да ја припишат на различни причини, на пример на невложување напор за изнаоѓање решение на проблемот, на тежината на она што треба да се направи и сл. Овие атрибуции побудуваат одредени емоционални реакции кои може во значителна мера да го определат подоцнежното однесување. На пример, ако проблемот на лицето се припише на некој неконтролабилен фактор (лоша среќа и сл.), тоа може да доведе до сочувствување со лицето кое обично поттикнува на преземање соодветна просоцијална акција. Но, ако истиот проблем се припише на нешто што е контролабилно (невложување напор, погрешна процена и сл.), тоа може да предизвика лутина која обично има инхибиторно дејство врз просоцијалното однесување (Weiner, 1980).

Релевантноста на атрибуциските објаснувања на просоцијалното однесување доаѓа до израз и во настојувањата на некои автори да го посматраат на овој вид однесување како последица на атрибуциите што ги создаваат луѓето за себеси и на атрибуциите што другите ги создаваат за нив. Имено, според теоријата на атрибуцијата, кога се верува дека некоја постапка се врши без надворешна принуда или без очекување на некоја награда, тоа обично резултира со создавање внатрешни атрибуции за сопственото однесување. На пример, однесувањето може да се припише

на некоја лична карактеристика: „Му помогнав зашто секогаш им помагам на луѓето“. Штом еднаш се јави такво верување, многу е веројатно дека и во иднина ќе се дејствува во согласност со постојната себеперцепција. Појавата на внатрешните атрибуции за сопственото однесување изгледа дека има значајна улога и во начинот на кој децата учат да помагаат. На тоа упатуваат резултатите до истражувањето на Грусек и Редлер, во кое е утврдено дека појавата на внатрешните атрибуции е следена со поголема фреквентност на детското просоцијално однесување. Овие автори откриле дека децата дури по осмата година почнуваат да го објаснуваат своето однесување повеќе со внатрешнолични отколку со надворешноситуациски причини. Исто така, во ова истражување е откриено дека и внатрешноличните атрибуции што ги создаваат другите за детското просоцијално однесување може да бидат прифатени, интернализирани и да служат како водич за нивното идно однесување. Таквите атрибуции имаат и подолготрајни ефекти врз идното помагање кај децата кога тие се споредуваат со ефектите на социјалното поткрепување на нивните постапки (Grusec and Redler, 1980; според Schroeder et al., 1995).

## Атрибуциска анализа на депресијата

Депресијата е психичко растројство што се карактеризира со безволност, чувство на тага, безнадежност, ниско себепочитување, со нарушување на сонот и на исхраната и со губење интересирање и задоволство за вршење на вообичаените животни активности. Депресијата е едно од најраспространетите психички растројства. Се проценува дека, во кое било време, над десетина проценти од општата популација, во различен степен, страда од ова растројство (Alloy et al. 1990; според Baron and Byrne, 1997). Депресијата е почесто присутна кај жените отколку кај мажите. Со оглед на тоа што депресијата, за голем број луѓе, претставува хроничен, долготраен и сериозен проблем, вложени се многу истражувачки напори за откривање на факторите што придонесуваат за нејзината појава и за траењето. Во рамките на тие истражувања, депресијата е анализирана и од атрибуциска перспектива, при што акцентот е ставан на значајноста на начинот на кој луѓето ги интерпретираат позитивните и негативните настани кои ги доживуваат како главен елемент во развојот и во одржувањето на ова растројство.

Атрибуциската анализа на депресијата, всушност, заснована е на феноменот на *научената беспомошност* за кој е карактеристично несоодветно учење, појава на негативни емоции и пасивно однесување како последица на искуството на поединецот дека со своите реакции не може да ја контролира пожелноста на исходите на своето однесување. Првичната емпириска идентификација и концептуализација на научената беспомошност е дело на Мартин Селиџмен и неговите колеги, кои спровеле повеќе експериментални истражувања во кои било опсервирано однесувањето и на животни и на луѓе во ситуации на изложеност на непријатни стимулси. На пример, во едно истражување кучињата што прво примиле серија електрични шокови кои никако не можеле да ги контролираат и да ги избегнат, кога подоцна биле повторно изложени на такви шокови, тие не се обидувале да ги избегнуваат шоковите иако во повторената ситуација можеле да го направат тоа само со преминување во друг дел од просторијата во која се наоѓале. Наспроти нив, кучињата од контролната група што не биле изложувани на првите шокови брзо научувале да ги избегнуваат подоцнежните шокови (Seligman and Maier, 1967). На сличен начин, и луѓето изложувани на неизбежна и на ненадејна бучава не успевале да се заштитат себеси во подоцнежните ситуации во кои бучавата можела лесно да се избегне (Hiroto,1974). Овие и многуте други слични наоди Селиџмен ги интегрирал во модел на научена беспомошност, според кој и животните и луѓето кога ќе бидат изложени на некој неконтролабилен настан научуваат дека настанот не може да се контролира и затоа не се ни обидуваат да го контролираат. Општо земено, научената беспомошност кај луѓето создава три типа дефицити: мотивациски (невложување напор за менување на непријатните исходи); когнитивен (ненаучување на начините на кои може да се надминат непријатните исходи); и емоционален (предизвикување чувства на безнадежност и на обесхрабреност). Со оглед на тоа што овие дефицити се слични на симптомите на депресијата, Селиџмен заклучил дека депресијата во суштина е форма на беспомошност научена од доживувањата на неконтролабилни исходи (Seligman, 1975).

Но, за многу автори, овој заклучок бил претенциозен, така што набргу бил подложен на критичко преиспитување кое, по неколку години, резултирало со развивање нов, реформулиран модел на научената беспомошност од страна на Лин Абрамсон и на нејзините колеги Селиџмен и Тисдејл (Abramson, Seligman and

Teasdale, 1978). Според реформулираниот модел, перципирањето на недостигот на контрола во една ситуација не е доволен услов за создавање од чувство на беспомошност и за пасивно однесување во различни ситуации. За овие автори, клучен момент претставува создавањето на атрибуциите за она што го предизвикало првичниот недостиг од контрола и, согласно со тоа, ја истакнуваат значајноста на следниве три атрибуциски димензии:

- *глобалност* наспроти *специфичност*: дали причината за неконтролабилниот настан е перципирана како нешто што е присутно во многу настани од животот на лицето (глобална) или како нешто што е ограничено само на некое посебно случување (специфична);
- *стабилност* наспроти *нестабилност*: дали причината за неконтролабилниот настан е перципирана како трајна (стабилна), или како привремена (нестабилна);
- *внатрешност* наспроти *надворешност*: дали причината за неконтролабилниот настан лицето си ја припишува себеси, на личните карактеристики и на однесувањата (внатрешна) или на срединските сили (надворешна).

Реформулираниот модел на научената беспомошност е прикажан на Слика 2., на која јасно се гледа дека припишувањето на еден непријатен и неконтролабилен настан на некоја глобална и стабилна причина е следено со очекување дека и во иднина нема да се има контрола врз појавувањето на настанот. Ова очекување




Слика 2.
*Шематски приказ на моделот на научената беспомошност на Абрамсон, Селицмен и Тисдејл.*

понатаму создава чувство на беспомошност кое е придружено со пасивно однесување. Во случај неконтролабилниот настан да биде припишан и на некоја внатрешна причина, тогаш тоа ќе доведе и до намалување на себепочитувањето, што е вообичаена појава кај лицата што страдаат од депресија. Еве еден пример за ефектите на ваквите атрибуции. Голема е веројатноста дека некоја несреќно заљубена девојка ќе западне (или и понатаму ќе остане) во депресивно расположение по брзиот прекин на љубовната врска од страна на нејзиното момче ако прекинот си го објаснува на следниов начин: „Денес е многу тешко да се најде некој што може вистински да љуби, сите машки се себични"; „Тој брзо ми раскина затоа што, исто како и претходните момчиња, не сака премногу ниски девојки"; „Со мојата висина и на мои години, тешко дека ќе можам да сретнам некого што ќе биде сериозно заинтересиран за мене".

Значи, според моделот на Абрамсон и сор., пошироки и потрајни депресивни реакции може да се очекуваат во случаите кога неконтролабилните настани се припишуваат на глобални и на стабилни причини, а до поизразено намалување на себепочитувањето може да дојде кога таквите настани се припишуваат и на некоја трајна карактеристика. Ваквата комбинација на атрибуции што со себе ја носи депресивноста некогаш може да биде ситуациски определена, а некогаш да биде израз на личен стил. Некои луѓе се навикнати да создаваат глобални, стабилни и внатрешни атрибуции за сопствените неуспеси или за другите доживеани непријатни настани. Оваа атрибуциска тенденција се нарекува *стил на депресивно објаснување*. Поединците кои почесто го користат стилот на депресивното објаснување се изложуваат на поголем ризик да станат депресивни. Покрај тоа, се претпоставува дека на таков ризик се изложуваат и луѓето кои често практикуваат да создаваат специфични, нестабилни и надворешни атрибуции за успесите што ги постигнуваат и за другите пријатни настани што ги доживуваат.

Поврзаноста меѓу стилот на депресивното објаснување и депресијата била испитувана во многу емпириски истражувања. Метаанализата на резултатите што се добиени во повеќе од стотина истражувања во кои учествувале петнаесетина илјади испитаници открила постоење позитивна корелација (+0,30) меѓу стилот на депресивното објаснување и депресијата (Sweeney et al., 1986).

Меѓутоа, тоа што меѓу нив постои позитивна поврзаност не значи дека станува збор и за причинско-последичен однос во предвидената насока. Можно е дури атрибуциите да се повеќе симптом на депресијата отколку фактор што поттикнува или одржува (Hammen, 1981, според Fiske and Taylor 1984). Значи, резултатите на овие истражувања во кои е обично вршено истовремено испитување на атрибуциските стилови и на депресијата, сепак, не го даваат одговорот на клучното прашање за тоа каква е улогата на атрибуциите во генезата на депресијата. Некои автори се обиделе да одговорат на ова прашање преку вршење лонгитудинални истражувања. На пример, во едно такво истражување е утврдено дека атрибуциите се покажале како добри предиктори на подоцнежните депресивни симптоми (Nolen-Hoeksma et al., 1992), а во друго истражување, пак, како добри предиктори на зголеменото депресивно расположение кај студентите кои добивале слаби оценки на испити (Metalsky et al., 1987). Ваквите наоди, секако, посилно го поткрепуваат верувањето оти создавањето одредени атрибуции може да предизвика соодветни депресивни состојби, но, за жал, тие сè уште се малобројни за да може да се третираат како релевантна и стабилна емпириска поддршка.

(Рецензент: *проф. д-р Виолета Арнаудова*)

## ЛИТЕРАТУРА

Abramson, L.Y., Seligman, M.E., P., and Teasdale, J.D. (1978). *Learned Helplessness in Humans*: Critique and reformulation. Journal of Abnormal Psychology, 87, 49-74.

Baron, R A. and Byrne, D. (1997). *Social Psychology.* Allyn and Bacon.

Bar-Tal, D. (1978). Attributional analysis of achievement-related behavior. *Review of Educational Research*, 48, 259-271.

Durkin, K. (1995). *Developmental Social Psychology: From Infancy to Old Age.* Blackwell Publishers Inc.

Fiske, S.T., and Taylor, S. E. (1984). *Social Cognition.* Reading, MA: Addison-Wesley

Heider, F. (1958). *The psychology of Interpersonal Relations.* New York: Wiley.

Ickes, W.J., and Kidd, R.F. (1976) Attributional analysis of helping behavior. Bo: J.H. Harvey, W.J. Ickes, and R.F. Kidd (Eds.), *New directions in attribution research* (Vol.1, 311-334), Hillsdale, N.J.: Erlbaum.

Jones, E.E., and Davis, K.E. (1965). From acts to dispositions: The attributionprocess in person perception. Vo L. Berkowitz (Ed.), *Advances in Experimental Social Psychology* (Vol. 2). New York: Academic Press.

Kelley, H.H. (1967). Attribution theory in social psychology. Vo: D. Levine (Ed.) *Nebraska Symposium on Motivation* (Vol. 15), Lincoln: University of Nebraska Press.

Metalsky, G.I., Halberstadt, L.J., and Abramson, L.Y. (1987). Vulnerability to depressive mood reactions: Toward a more powerful test of the diathesis-stress and causal mediation components of the reformulated theory of depression. *Journal of Personality and Social Psychology*, *52*, 386-393.

Nolen-Hoeksma, S., Girgus, J.S., and Seligman, M.E.P. (1992). Predictors and consequences of childhood depressive symptoms: Five year longitudinal study. *Journal of Abnormal Psychology*, *101*, 405-422.

Schroeder, D.A., Penner, L.A., Dovidio, J.F., and Piliavin,J.A. (1995).

*The Psychology of helping and altruism: Problems and puzzles.* McGraw-Hill, Inc.

Seligman, M.E.P. (1975). *Helplessness.* San Francisco: Freeman.

Seligman, M.E.P., and Maier, S.F. (1967). Failure to escape traumatic shock. *Journal of Experimental Psychology*, *74*, 1-9.

Sweeney, P.D. Anderson, K., and Bailey, S. (1986). Attributional style in depression: A meta-analytic review. *Journal of Personality and Social Psychology*, *50*, 974-991.

Hiroto, D.S. (1974). Locus of control and learned helplessness. *Journal of Experimental Psychology*, *102*, 187-193.

Weiner, B. (1979). A theory of motivation for some classroom experiences. *Journal of Educational Psychology*, 71, 3-25.

Weiner, B. (1980). A cognitive (attribution)-emotion-action model of motivated behavior: An analysis of judgments of help-giving. *Journal of Personality and Social Psychology*, *39*, 186-200.

Weiner, B., Frieze, I., Kukla, A., Reed, L., Rest, S., and Rosenbaum, R. M. (1972).

Perceiving the causes of success and failure. Vo: E. E. Jones. D. E. Kanouse, H. H. Kelley, R.E. Nisbett, S. Valins, and B. Weiner (Eds.), *Attribution: Perceiving the causes of behavior*. Morristown, N.J.: General Learning Press.

Mihajlo POPOVSKI

## APPLICATION OF ATTRIBUTION THEORY

### Summary

*The paper presents several applications of attribution theory, which were widely used by attribution researchers in the last decades. At first, the structure of causal experience is described i.e. the dimensions of causality locus, stability and controllability. The relevance of these dimensions is considered in the frames of Weiner's attributional model that was developed for explanation of perceptions of causes for success and failure, and their effects in achievement situations. Then, the contribution of attribution theory in explaining prosocial behavior is presented, followed by attributional analyses of depression, with focus on the effects of learned helplessness and depressive explanatory style.*

***Keywords**: ATTRIBUTION THEORY, ACHIEVEMENT, PROSOCIAL BEHAVIOR, DEPRESSION*